СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

# СЗПМ

Специјално издание

# XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

# СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2018

комерцијална банка ад скопје

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА








КОМПЛЕКС "ШАМПИОН" - РАДОВИШ

2 СЕПТЕМВРИ 2018

## Содржина

ЗА СЗПМ, СЕПТЕМВРИ Е МЕСЕЦ НА ПРАЗНУВАЊЕ И РЕЗУЛТАТИ............................3
ПРЕГЛЕД НА МЕСТАТА И ГОДИНИТЕ НА ОДРЖАНИТЕ РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ..................................................................8
ПРОГРАМА НА НАТПРЕВАРИТЕ.........................................................................9
НАТПРЕВАРИ ВО 11 ДИСЦИПЛИНИ...................................................................10
СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ТАБЕЛИ...............................................................28
РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ.............................................................36
НАТПРЕВАРИТА НА СИТЕ НИВОА ОД ГОДИНА ВО ГОДИНА ДОБИВААТ НА КВАЛИТЕТ..........................................................................40
ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И ПЕНЗИОНЕРИТЕ......................................................42

**Издавач:** Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
**За издавачот:** Салтир Каровски
**Билтенот го подготвија:** Калина С. Андонова и Здравко Петковски
**Фото:** Трио Маркетинг – Скопје
**Ликовно-графичко обликување:** Томе Ангеловски
**Печати:** РИ Графика – Скопје
**Тираж:** 800 примероци







# За СЗПМ, септември е месец на празнување и резултати

Пензионерите членови на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во деветиот месец во годината празнуваат два големи празника, 8. септември Денот на независноста на Република Македонија и 20–ти септември Денот на пензионерите во Македонија, но и се дружат и постигнуваат резултати на пензионерската спортска Олимпијада која се одржува на почетокот од месецот.

На 20–ти септември го празнуваме Денот на пензионерите во Македонија, најмасовната невладина мултиетничка организација во државата, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија кој оваа година го одбележува својот 72 роденден. Скоро еден просечен човечки животен век. Не е малку! Но требало да се изоди еден подолг пат, да се открие интересот на членството, да се создаде современа структура на организацијата, да се осмисли содржина на активностите. Требало да се мотивираат луѓето да излезат од затвореноста, да почнат масовно да комуницираат, да се дружат. Требало да се амортизира отпорот кон активен живот и по пензионирањето. Требало да се воспостават односи со институциите на државата за да се решаваат виталните прашања од интерес на луѓето од третата доба, на пензионерите. Требало да се најде секој себеси во оваа организација за да се омасоват повеќе активности и да почнат пензионерите да водат активен живот. Требало да се убедат многу резигнирани лица, што од животната ситуација, што од транзицијата, што од безидејноста на празниот пензионерски ден, дека животот ќе им биде поубав ако се здружат и активираат.

Денес може да се каже дека Сојузот направил многу чекори потребите на пензионерите да ги анимира, организира, и реализира. На тие чекори горди се и раководствата, но и секој добронамерен поединец пензионер. Денес околу 270.000 пензионери здружени во СЗПМ бележат победи и резултати на повеќе полиња од дејствувањето. Најголема победа и највисок резултат е другарувањето и соживотот. Но пензионерите не се горди само на тоа. Горди се на називот „чувари на нашиот идентитет, културно богатство и традиција“. Горди се и на постигнатите резултати во хуманоста и меѓугенерациската соработка. Горди се на постигнатата транспарентност во работата и на многу доброто информирање. Горди се и на спортските резултати кои ги постигнуваат на сите нивоа, од ниво на ограноци преку регионалните, па се до натпреварите на државно ниво.

И оваа 2018 година, пензионерите по 23 пат, на 2–ри септември во Радовиш, покажаа дека годините не претставуваат граница и дека го знаат значењето на спортувањето и на физичката активност особено за луѓето од третата доба.

На Олимпијадата прв на присутните им се обрати претседателот на Владата на Република Македонија **Зоран Заев**. Во своето обраќање тој ја поздрави енергијата што ја имаат пензионерите и им порача дека грижата и заштитата остануваат врвен приоритет на Владата и истакна:.

– Ги следиме европските практики, гледаме како живеат пензионерите во земјите од Европската унија, поспокојно и покомотно, и токму затоа стратешките чекори кои ги преземаме водат токму кон Европската унија. Тие чекори се за да го кренеме стандардот на достоинствено ниво какво што доликува на секој, кој чесно си ги изработил своите продуктивни години, и треба да ги ужива пензионерските денови исправено и горделиво.

Министерката за труд и социјална политика **Мила Царовска** рече дека со организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија придонесува да се подобри нивниот статус и дека Министерството посветено работи на обезбедување на подобри услови за достоинствен живот на овие граѓани кои со животното искуство што го имаат се многу значајна алка во општестсвото.

– Македонија е социјална држава која се грижи за граѓаните преку обезбедување социјална сигурност и пристап до социјалните права. Врвна цел на оваа Влада е што повеќе да ги унапреди и подобри овие права со што ќе го подобри стандардот на пензионерите и ќе им обезбеди достоинствен и мирен живот. Затоа како што растат платите, растат и пензиите двапати годишно.

Обраќањето на премиерот и на министерката беа проследени со аплауз од присутните почестени од нивните пригодни обраќања и убавите зборови.

Од името на Сојузот на присутните им се обрати **Салтир Каровски,** потпретседател на ИО на СЗПМ кој истакна:

– Чувствувам особена чест и задоволство што можам во името на СЗПМ денес во Радовиш на оваа убава спортска манифестација да ве поздравам со единствена цел унапредување, збогатување и проширување на интересот и мотивираноста на пензионерите за практикување на спортските активности за одржување на нивната психофизичка активност и кондиција.

Посебно сакам да го изразам моето, а верувам и вашето, задоволство што денес на овој наш собир, не почестија со свото лично присуство господинот Зоран Заев и госпоѓата Мила Царовска, покажувајќи искрена поддршка на Сојузот како невладина непартиска и мултиетничка асоцијација на пензионерите.

Присутните гости, спортисти и љубители на спортот ги поздрави и градоначалникот на Радовиш **Герасим Конзулов** и градоначалникот на Конче **Благој Илиев.**

**Јордан Костадинов** претседател на ЗП Радовиш и Конче, здружение кое оваа година е и домаќин на оваа масовна манифетација им посака добредојде на присутните, а на спортистите добри резултати.

Во мошне изедначена поединечна и екипна конкуренција, најдобри беа натпреварувачите од ЗП Тетово, ЗП Прилеп, ЗП Охрид и Дебрца,ЗП Куманово и ЗП Кочани.

На крајот на натпреварите беа прогласени и најдобрите поединци во трите дисциплини: стрелаштво, шах и пикадо во женска и во машка конкуренција, на кои претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ **Здравко Петковски** им врачи посебни пехари. Натпреварите заврšија со предавање на преодниот пехар на севкупните победници, односно на ЗП Тетово. Со честитки за постигнатиот успех, пехарот им го врачи потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, кој меѓу другото рече:

– И овој пат докажавте дека спортот е многу битен за луѓето од трета доба и дека со негово практикување се јакне физичкото и психичкото здравје.

Воодушевен од победата претседателот на ИО на ЗП Тетово Шабан Азизи, со пригодни зборови им се заблагодари на натпреварувачите кои со аплауз го поздравија големиот успех заедно со сите присутни во салата.

**Калина С. Андонова**

## Обраќање на

# Зоран Заев,

## претседател на Владата на Република Македонија



Почитувани пензионери, учесници на спортските игри,

Почитувани претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, и на Здружението на пензионерите на Радовиш и Конче,

Почитувани градоначалници на Радовиш и на Конче,

Почитувана министерке Царовска.

Драго ми е што сум денеска тука на отворањето на 23-те пензионерски спортски игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, и посебно на Здруженијата на пензионерите на Радовиш и Конче, како домаќини на ова издание на игрите.

Она што мене ме восхитува додека сум со вас, е вашата енергија и посветеност што ги издвојувате за вашите активности и начинот на кој бирате да го направите вашиот живот позабавен а со тоа и поубав.

Прекрасно е да се биде меѓу сограѓани кои толку искрено им се радуваат на малите радости што самите си ги приредуваат. Прекрасно е да се биде меѓу сограѓани кои им одолеваат на годините и на стереотипите за пензионерите и се впуштаат во организација, подготовки и реализација на разни активности за кои знам дека се многубројни.

Јакнењето на стандардот, почитта и љубовта, достоинственото поминување на зрелите години од вашиот живот и обезбедувањето мир и спокој на вашето секојдневје како ваши потреби, се нашата обврска на која со внимание се посветуваме. Грижата и заштитата на пензионерите беше и останува врвен приоритет на Владата на Република Македонија, и тука сме и денес, токму затоа што се грижиме.

Ги следиме европските практики, гледаме како живеат пензионерите во земјите од Европската унија, поспокојно и покомотно, и токму затоа секојдневно работиме, затоа и стратешките чекори кои ги преземаме водат токму кон Европската унија. Тие чекори се за да го кренеме стандардот на достоинствено ниво какво што доликува на секој, кој чесно си ги изработил своите продуктивни години, и треба да ги ужива пензионерските



денови исправено и горделиво.

Сепак, денеска сме тука за да го поздравиме вашиот ентузијазам да учествувате во спортските игри. Да ги тестирате и да ги ставате на споредба со другите вашата физичка подготвеност и вашата желба за натпревар. Овој дух и елан кој го покажувате е еден од најдобрите примери за помладите генерации.

Сакам да ви посакам упешни спортски игри, и нека победат најдобрите.



## Обраќање на
# Мила Царовска,
## министер за труд и социјална политика



Почитуван претседател на Владата на Р. Македонија,

Почитуван претседателе на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија,

Почитувани градоначалници, почитувани пензионери, почитувани гости.

Ми претставува особена чест и задоволство да се обратам на овој ден посветен на Републичките пензионерски спортски натпревари во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во текот на своето постоење се развиваше во еден од најбројните организации во Републиката чијашто главна дејност е заштита на правата и интересите на корисниците на пензија и секако нивно интегрирање во социјалниот живот. Преку организирање на различни настани од социјален, културен и спортски карактер оваа масовна асоцијација придонесува во подобрување на состојбата на корисниците на пензија во Република Македонија.

Денешната манифестација овозможува дружење на пензионерите и споделување на нивните искуства, како и можност за продлабочување на соработката со цел подобрување на нивниот статус. Министерството за труд и социјална политика како покровител на оваа манифестација ја поддржува реализацијата на настани и програми кои се однесуваат на корисниците на пензија и нивните интереси.

Би сакала да истакнам дека пензионерите се значајна алка во социјалниот живот во секоја држава, бидејќи располагаат со искуства и знаење коешто го применувале во развојот на нашата држава и истото треба да го пренесат на помладите генерации. Република Македонија во Уставот се дефинира како социјална држава и таа се грижи за граѓаните преку обезбедување на социјална сигурност и пристап до социјалните права.




Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите и подигање на нивниот стандард.

Соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, а особено кога се работи за социјалните права и интереси.

Почитувани, ви посакувам успешно реализирање на оваа манифестација и овој ден да го поминете во дружење и радост.



## Обраќање на
# Салтир Каровски,
## потпретседател на ИО на СЗПМ



Почитувани пензионерки и пензионери, дами и господа,
почитуван претседател на Владата на РМ
г. Зоран Заев, почитувана министерке Мила Царовска,
почитувани градоначалници,

Чувствувам особена чест и задоволство што можам во името на СЗПМ денес во Радовиш на оваа убава спортска манифестација да ве поздравам со единствена цел унапредување, збогатување и проширување на интересот и мотивираноста на пензионерите за практикување на спортските активности за одржување на нивната психофизичка активност и кондиција.

Посебно сакам да го изразам моето, а верувам и вашето, задоволство што денес на овој наш собир на пензионерите од 53 здруженија во Републиката, не почестија со свото лично присуство господинот Зоран Заев и госпоѓата Мила Царовска покажувајќи искрена поддршка на Сојузот како невладина непартиска и мултиетничка асоцијација на пензионерите во остварување на целите, интересите и дејностите на зруженијата на пензионерите во Македонија – членки на Сојузот.

Потврда на оваа моја констатација е досега докажаната успешна и богата соработка на СЗПМ со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура, кога се работи за помагање на нашите активности во делот на спортот и културата преку донациите со финансиски средства, за што сите ние искрено благодариме.

Заслужува да се истакне и успешната соработка со општинските совети на локалната самоуправа и градоначалниците, кои се важни помагачи во нашето успешно функционирање.

Остварувањето на мотото „здраво и активно стареење“ за нашата пензионерска и граѓанска асоцијација дефинитивно претставува животен квалитет кој влијае не само на поединецот туку и на семејството и пошироката заедница.

Промовирањето за секој пензионер да има добро здравје, има централна улога во глобалниот одговор на стареењето во нашата држава.

Ангажирањето на Сојузот на здруженијата на пензионерите и државата во целина преку инвестирање во здравјето на луѓето, а особено на повозрасното население, го намалува товарот од болестите и има позитивно влијание на нивната социоекономска положба, ја поттикнува независноста и продуктивноста, што посредно овозможува огромни бенифиции за општеството во целост.

Активното стареење е потврден модел за одржување на здравјето, виталноста и долговечноста. Исто така оваа возрасна категорија од вкупното население во нашата држава заслужува поволности и бенефити со кои ќе се олесни и подобри животот на старите лица.

Сакам да нагласам дека организирањето на спортските натпреварувања на пензионерите и трошоците за истото се покриваат од скромните буџети на здруженијата на пензионерите сочинети од членарината што ја издвојува секој пензионер од својата пензија за функција на оваа масовна и голема граѓанска асоцијација, вклучувајќи ги тука и помагањата на владини и невладини органи и организации преку донирања.





На крајот ја користам можноста на сите вас да ви посакам добро здравје и долг и удобен живот, а на спортистите убави резултати.

Благодарам.



## Герасим Конзулов

градоначалник на општина Радовиш



## Благој Илиев

градоначалник на општина Конче

Присутните гости, спортисти и љубители на спортот ги поздравија и градоначалникот на Радовиш Герасим Конзулов и градоначалникот на Конче Благој Илиев кои меѓу другото истакнаа дека се почестени што СЗПМ им даде доверба ЗП Радовиш и Конче да бидат домаќини на 23. републички пензионерски спортски натпревари и ветија дека општините секогаш ќе ги помагаат пензионерските активности бидејќи тоа тие го заслужуваат.



## Јордан Костадинов

претседател на ЗП Радовиш и Конче

Почитувани присутни, драги гости,

Особено задоволство ми претставува што денес имам можност во името на Здружението на пензионерите од општините Радовиш и Конче, да ве поздравам и да ви посакам срдечно и топло добредојде. Добредојдовте во Радовиш, градот под Плачковица, град во кој по четврти пат се одржуваат Републичките пензионерски спортски натпревари. Добредојдовте во градот на најмасовните пензионерски дружења во последните осум години во Република Македонија.

На почетокот дозволете ми посебно да го поздравам присуството на претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика во Владата на Р. Македонија Мила Царовска, градоначалникот на Општина Радовиш Герасим Конзулов, градоначалникот на Општина Конче Благој Илиев и потпретседателот на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Салтир Каровски.

Почитувани, постои мислење дека со пензионирањето доаѓа залезот на животот, но денес ние гласно истакнуваме дека пензионирањето претставува нов почеток на животот, а тоа го потврдуваат нашите пензионери на кои пензионерскиот век им трае повеќе од работниот век. Лично ви посакувам на сите да се дружите, да играте, да пеете и спортувате, и да живеете повеќе од 100 години.

Почитувани, ако физичката активност го подобрува квалитетот на живеење, ние денес сме на вистинското место и потврдуваме дека човечкиот дух не признава години. Пензионерите се значаен фактор во секоја држава, затоа што располагаат со многу искуства и многу знаење кое денес успешно го пренесуваат на помладите генерации. Тие единствено што бараат е обезбедување на достоен живот, а тоа го заслужуваат затоа што низ годините се вградиле во темелите на нашата држава. Токму затоа потребно е пензионерите да водат живот во кој ќе ја добијат потребната поддршка од сите, но и да добијат живот во кој ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали. Денес, на овој убав сончев ден, присуствуваме на вистинска спортска олимпијада. На добро подготвените терени, натпреварувачите имаат одлична можност да ги одмерат силите и да ја покажат својата физичка подготвеност.

На крај, на спортистите им посакувам да постигнат што подобри резултати, а на сите вас ви посакувам денес да се дружите и да уживате во овој убав амбиент на Спортско-рекреативниот центар „25 Мај“ и да понесете убави спомени од Радовиш.



## Здравко Петковски

претседател на Комисија за спорт и рекреација на СЗПМ

Да им покажеме на помладите генерации дека и во овие години може да се спортува и не само тоа, туку и да се постигнуваат завидни резултати. Подготвени се терените за сите спортски дисциплини уредно се одбележани.

Салонските дисциплини: шах, пикадо, домино и табла ќе се одржуваат во основното училиште „Крсте Петков Мирков“.

Фудбалот и кошарката ќе се одвиваат во големата сала.

Гаѓањето со воздушна пушка ќе се одвива во малата боречка сала, каде што ќе се одвива и дисциплината трчање.

Дисциплините фрлање ѓуле и скок од место ќе се одржат веднаш зад училиштето.

Дисциплината тегнење јаже ќе се одвива веднаш до базенот.

Прогласувањето на победниците и врачувањето на медаљите ќе се одвива сукцесивно како ќе завршуваат спортските дисциплини, а преодниот пехар за најдоброто здружение ќе се додели во свечената сала.

Останува вие спортистите и останатите присутни со фер и спортско однесување да дадете придонес за успешно одвивање на натпреварите. Нека победат најдобрите и нај подготвените.

# Преглед на местата и годините на одржаните Републички пензионерски спортски натпревари

| Година | Место на одржување | Број на учесници |
|---|---|---|
| 1996 | Охрид | 150 |
| 1997 | Гевгелија (Дојранско Езеро) | 350 |
| 1998 | Куманово (Кумановска Бања) | 500 |
| 1999 | Виница | 550 |
| 2000 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 800 |
| 2001 | Велес (Езеро „Младост“) | 600 |
| 2002 | Охрид – „Горица“ (Охридско Езеро) | 857 |
| 2003 | Кавадарци (Хотел „ФЕНИ“) | 1050 |
| 2004 | Струга „Еуротел“ | 1070 |
| 2005 | Велес (Езеро „Младост“) | 920 |
| 2006 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 1114 |
| 2007 | Велес (Езеро „Младост“) | 760 |
| 2008 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 800 |
| 2009 | Струга („Еуротел“) | 858 |
| 2010 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 900 |
| 2011 | Струга (Комплекс „Ливадишта“) | 1100 |
| 2012 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1150 |
| 2013 | Штип (комплекс „Македонка“) | 1380 |
| 2014 | Тетово (комплекс „Тетекс“) | 1008 |
| 2015 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1205 |
| 2016 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 1241 |
| 2017 | Кочани (Стадион „Никола Мантов“) | 1277 |
| 2018 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 926 |

***Број на учесници по години***



# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
## 2. септември 2018 година
## Радовиш - комплекс „Шкорпион“

**Сојуз на здруженија**
**на пензионери**
**на Македонија**
**СЗПМ**

Ве поканува да присуствувате на

**23-тите**
**Републички**
**пензионерски**
**спортски натпревари**

кои ќе се одржат во чест на
**8-ми септември**
Денот на независноста на РМ
и
**20-ти септември**
Денот на пензионерите на Македонија
под покровителство на
Министерството за труд и
социјална политика на
Република Македонија

**на 2-ри септември 2018 година**
**во комплексот „Шампион“**
**во Радовиш**

## ПРОГРАМА

**ПРВ дел: 9.00 часот**

Поздравни обраќања на:
**Зоран Заев**,
претседател на Влада на Република Македонија
**Мила Царовска**,
министер за труд и социјална политика
на Република Македонија,
- покровител на манифестацијата
**Салтир Каровски**,
потпретседател на ИО на СЗПМ
**Герасим Конзулов**,
градоначалник на Општина Радовиш
**Благој Илиев**,
градоначалник на Општина Конче
**Јордан Костадинов**,
претседател на ЗП Радовиш и Конче

**ВТОР дел: 9.30 часот**

Почеток на натпреварите во 11 дисциплини на кои ќе учествуваат 500 најдобри од 2087 натпреварувачи од 40 здруженија на пензионери членки на СЗПМ

**ТРЕТ дел: 14,00 часот**

Прогласување на најдобрите и доделување на преоден пехар на Здружението со најдобри резултати
Дружење во комплексот „Шампион“ во Радовиш

**Драги Аргировски**
**Претседател на СЗПМ**

## СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

| | |
|---|---|
| СТРЕЛАШТВО | СКОК ОД МЕСТО |
| ШАХ | КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ |
| ПИКАДО | ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА |
| ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ | ТАБЛА |
| ТРЧАЊЕ | ДОМИНО |
| ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ | |

## ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобар стелец
е прогласена
**Марија Гичева**
– ЗП Кочани



Медалите ги врачи **Здравко Петковски**
претседател на комисија за спорт на СЗПМ




**I место**

**ЗП Кочани**

1. Ѓурѓа Илиева
2. Виолета Андонова
3. Марија Гичева
4. Стојанка Скаловска

**II место**

**ЗП Тетово**

1. Борка Трпчевска
2. Снежана Кироска
3. Ленче Мисајлоска
4. Трајанка Петковска

**III место**

**ЗП Кичево**

1. Ангелина Ристоска
2. Божана Милошеска
3. Донка Трајаноска
4. Мира Илиоска

## ЕКИПНО МАЖИ



За најдобар стелец
е прогласен
**Христо Камчески**
– ЗП Прилеп

I место
### ЗП Прилеп

1. Кире Каранфилов
2. Блаже Талески
3. Христо Камчески
4. Петре Николоски



II место
### ЗП Гази Баба

1. Драган Стефковски
2. Методија Кондевски
3. Јово Митровски
4. Ристо Гашпаров

Медалите ги врачи **Љубица Кузмановска** член на комисија за спорт на СЗПМ





III место
### ЗП Охрид и Дебрца

1. Тони Филипов
2. Томе Ристески
3. Александар Попоски
4. Владо Милошески

## ЕКИПНО ЖЕНИ



За најдобра шахистка
е прогласена
**Шенка Балтовска**
– ЗП Струга



I место
**ЗП Струга**

1. Шенка Балтоска
2. Љуба Јованоска
3. Надежда Чатарошкоска

II место
**ЗП Центар**

1. Љилјана Славевска
2. Љубинка Крстева
3. Лидија Кизова

Медалите ги врачи **Мирко Макрешански**
член на ИО на СЗПМ



III место
**ЗП Македонска Каменица**

1. Славка Димитровска
2. Светлана Богданска
3. Аника Цветковска

# ЕКИПНО МАЖИ



За најдобар шахист
е прогласен
**Јакуп Лика**
– ЗП Тетово



Медалите ги врачи **Харалампие Ампов**
член на комисија за спорт на СЗПМ



**I место**

**ЗП Тетово**

1. Јакуп Лика
2. Михајло Илиќ
3. Тоде Зафировски
4. Фадил Алити
5. Шпенд Салиу

**II место**

**ЗП Куманово**

1. Стојадин Ѓорѓевиќ
2. Милисав Серафимовски
3. Круне Паневски
4. Иванчо Доцевски
5. Љубомир Димитриевски

**III место**

**ЗП Штип**

1. Панче Захариев
2. Дончо Јорданов
3. Ристо Рушев
4. Момо Смолиќ
5. Ванчо Крстев

## ЕКИПНО ЖЕНИ




Најдобар стрелец во пикадо
е прогласена
**Драгица Тодорова**
– ЗП Демир Капија



Медалите ги врачи **Спирко Николовски**
претседател на ЗП Куманово




**I место**

**ЗП Демир Капија**

1. Соња Ќумурџиева
2. Драгица Тодорова
3. Милица Ристова
4. Аница Кавазова

**II место**

**ЗП Македонска Каменица**

1. Блашка Стаменковска
2. Загорка Костадиновска
3. Елена Ангеловска
4. Весна Попова

**III место**

**Гази Баба**

1. Милка Младеновска
2. Јагода Кузмановска
3. Вера Јанева
4. Васка Чолкова

## ЕКИПНО МАЖИ

Најдобар стрелец во пикадо
е прогласен
**Трајко Мунески**
– ЗП Прилеп



I место
### ЗП Прилеп

1. Иван Кузмановски
2. Божин Талески
3. Трајко Мунески
4. Петре Ѓелески



II место
### ЗП Македонска Каменица

1. Душан Стојановски
2. Боре Димитровски
3. Борис Илиевски
4. Трајче Николовски

Медалите ги врачи **Илија Адамоски**
член на ИО на СЗПМ



III место
### ЗП Центар

1. Ѓорѓи Денковски
2. Љупчо Тодоровски
3. Владо Јовевски
4. Србо Јаковлевски



## ЕКИПНО ЖЕНИ

I место

### ЗП Илинден

1. Ротка Петрова
2. Убавка Ѓоргиеска
3. Стојанка Богдановска
4. Лиле Георгиевска
5. Љубинка Петровска
6. Славица Арсовска

II место

### ЗП Прилеп

1. Милка Ѓореска
2. Марија Тодороска
3. Лена Ристеска
4. Горица Дамеска
5. Снежана Димоска
6. Донка Петреска

III место

### ЗП Тетово

1. Мира Стевоска
2. Цвета Вељаноска
3. Марика Јовановска
4. Димка Сиљановска
5. Таса Златановска
6. Драгица Љубевска



Медалите ги врачи **Спирко Николовски** претседател на ЗП ОВР на РМ



## ЕКИПНО МАЖИ





I место

### ЗП Гази Баба

1. Циме Анчевски
2. Марјанчо Петрушевски
3. Младен Божиновски
4. Благоја Димовски
5. Симо Стојанов
6. Тодорче Кралевски

Медалите ги врачи **Ристо Трајкоски** член на ИО на СЗПМ



II место

### ЗП Прилеп

1. Зоран Паризовски
2. Димко Мијајлоски
3. Крунислав Мангароски
4. Илко Неделкоски
5. Ацо Трајкоски
6. Стефан Бојоски

III место

### ЗП ОВР на РМ

1. Раде Јанчевски
2. Љупќо Лазаревиќ
3. Лазо Диневски
4. Ацо Ангеловски
5. Љупчо Велковски
6. Добре Јовановски



## ЖЕНИ до 60 години

Медалите ги врачи **Душан Ристески**
член на ИО на СЗПМ



I место
**Габриела Геровска**
од ЗП Тетово

II место
**Петрунка Ѓорѓиевска**
од ЗП Мак. Каменица

III место
**Јасмина Тодоровска**
од ЗП Куманово

## ЖЕНИ над 60 години

Медалите ги врачи **Ментор Ќоку**
член на ИО на СЗПМ



I место
**Јовка Петрова**
од ЗП Пробиштип

II место
**Катица Христовска**
од ЗП Гази Баба

III место
**Благица Маркулева**
од ЗП Охрид и Дебрца



## МАЖИ до 60 години

I место
**Зоран Петковски**
од ЗП Велес

II место
**Јован Јанакиески**
од ЗП Охрид и Дебрца

III место
**Марјан Минчевски**
од ЗП Штип

Медалите ги врачи **Јован Ќирковиќ**
член на ИО на СЗПМ



## МАЖИ над 60 години

Медалите ги врачи **Калина С. Андонова**
член на ИО на СЗПМ



I место
**Нејази Таири**
од ЗП Тетово

II место
**Ѓорѓи Јанески**
од ЗП Охрид и Дебрца

III место
**Мицо Мицоски**
од ЗП Прилеп

## XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ





## ЖЕНИ

I место
**Мирјана Андоновиќ**
од ЗП Куманово

II место
**Милица Андревска**
од ЗП Солидарност – Аеродром

III место
**Слаѓана Кировска**
од ЗП Тетово

Медалите ги врачи **Ѓорѓи Трпчески,** претседател на ЗП Охрид и Дебрца





## МАЖИ

I место
**Насте Иваноски**
од Охрид и Дебрца

II место
**Живко Милев**
од ЗП Радовиш и Конче

III место
**Зоран Смилевски**
од ЗП Гази Баба

## XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

# МАЖИ

I место
**Ѓорѓи Николов**
од ЗП Кочани

II место
**Јонче Апостолов**
од ЗП Кавадарци

III место
**Ацо Стојановски**
од ЗП ОВР на РМ




Медалите ги врачи **Вељан Стојковски**
член на ИО на СЗПМ





## XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



## ЖЕНИ

**I место**
**Олга Миленковска**
од ЗП Гази Баба

**II место**
**Љуба Ангеловска**
од ЗП Крива Паланка

**III место**
**Лилјана Ангелова**
од ЗП Неготино

Медалите ги врачи **Љиљана Младеновска**
член на комисија за спорт на СЗПМ



## МАЖИ

**I место**
**Ѓорѓи Талев**
од ЗП Кавадарци

**II место**
**Симеон Дамјановски**
од ЗП Кисела Вода

**III место**
**Фејзи Рустеми**
од ЗП Тетово

## XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



## ЖЕНИ

**I место**
**Љубица Јовевска**
од ЗП Пехчево

**II место**
**Славица Јованова**
од ЗП Прилеп

**III место**
**Трајанка Манасиева**
од ЗП Злетово



Медалите ги врачи **Данче Даскаловска**
член на ИО на СЗПМ

## МАЖИ

**I место**
**Зоран Чоневски**
од ЗП Карпош

**II место**
**Ѓорѓи Диманов**
од ЗП Радовиш

**III место**
**Борис Мартиновски**
од ЗП Кисела Вода





## ЕКИПНО ЖЕНИ

I место

**ЗП Битола**

1. Јулијана Трајчевска
2. Александра Насева
3. Нада Христова
4. Лидија Ангелеска



II место

**ЗП Кисела Вода**

1. Цветанка Ристевска
2. Даниела Трајковска
3. Трајанка Наумовска
4. Олга Кочкова

Медалите ги врачи **Груица Манасиев** претседател на ЗП Пробиштип




III место

**ЗП Демир Капија**

1. Нада Пецова
2. Снежана Јованова
3. Гордана Митрева
4. Милица Ефтимова

# ЕКИПНО МАЖИ





Медалите ги врачи **Ѓорѓи Серафимов** член на ИО на ЗСПМ



I место

## ЗП Пробиштип

1. Властимир Милановски
2. Стефан Стојанов
3. Владо Анастасов
4. Ангел Коцев

II место

## ЗП Крушево

1.Никола Атанасовски
2. Димитар Костовски
3.Благоја Атанасовски
4. Ниса Божиновски

III место

## ЗП Неготино

1.Блажо Лазов
2.Владимир Ѓоргиев
3.Илија Ѓоргиев
4.Ванчо Алтанџиев



## ЕКИПНО ЖЕНИ



Медалите ги врачи **Јордан Костадинов** член на ИО на СЗПМ



I место

**ЗП Ресен**

1. Олга Наумовска
2. Лилјана Источка
3. Марика Ќулумовска
4. Цвета Вучкоска

II место

**ЗП Струга**

1. Оливера Калајџиоска
2. Олга Матоска
3. Павлина Кузманоска
4. Полина Ашталкоска

III место

**ЗП Кочани**

1. Лепа Митева
2. Радмила Јакимова
3. Маца Крстова
4. Душанка Коцева



# ЕКИПНО МАЖИ



I место

## ЗП Кочани

1. Ѓорѓи Тодоров
2. Јанко Данилов
3. Ѓорѓи Мијаков
4. Димитар Заков

II место

## ЗП Штип

1. Стојан Костов
2. Никола Андонов
3. Ангел Иванов
4. Киро Папаров

Медалите ги врачи **Олга Новачева** член на ИО на СЗПМ




III место

## ЗП ОВР на РМ

1. Саше Јосифовски
2. Трајко Ангелов
3. Спасе Костовски
4. Петар Димовски

# ТАБЕЛА НА ОСВОЕНИТЕ МЕДАЛИ

| Ред. број | ЗДРУЖЕНИЈА | ЗЛАТО | СРЕБРО | БРОНЗА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Тетово | 3 | 1 | 3 | 07 |
| 2. | Кочани | 3 | – | 1 | 04 |
| 3. | Прилеп | 2 | 3 | 1 | 06 |
| 4. | Гази Баба | 2 | 2 | 2 | 06 |
| 5. | Пробиштип | 2 | – | – | 02 |
| 6. | Охрид и Дебрца | 1 | 2 | 2 | 05 |
| 7. | Куманово | 1 | 1 | 1 | 03 |
| 8. | Струга | 1 | 1 | – | 02 |
| 9. | Кавадарци | 1 | 1 | – | 02 |
| 10. | Демир Капија | 1 | – | 1 | 02 |
| 11. | Илинден | 1 | – | – | 01 |
| 12. | Карпош | 1 | – | – | 01 |
| 13. | Битола | 1 | – | – | 01 |
| 14. | Ресен | 1 | – | – | 01 |
| 15. | Велес | 1 | – | – | 01 |
| 16. | Пехчево | 1 | – | – | 01 |
| 17. | Македон. Каменица | – | 3 | 1 | 04 |
| 18. | Кисела Вода | – | 2 | 1 | 03 |
| 19. | Радовиш и Конче | – | 2 | – | 02 |
| 20. | Штип | – | 1 | 2 | 03 |
| 21. | Центар | – | 1 | 1 | 02 |
| 22. | Солидар. Аеродром | – | 1 | – | 01 |
| 23. | Крушево | – | 1 | – | 01 |
| 24. | Крива Паланка | – | 1 | – | 01 |
| 25. | ОВР на РМ | – | – | 3 | 03 |
| 26. | Неготино | – | – | 2 | 02 |
| 27. | Кичево | – | – | 1 | 01 |
| 28. | Злетово | – | – | 1 | 01 |
| | **Вкупно** | **23** | **23** | **23** | **69** |

## ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИ МЕДАЛИ ПО РЕГИОНИ 2018

| Ред. број | Регион | ЗЛАТНИ | СРЕБРЕНИ | БРОНЗЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I Регион | 3 | 6 | 4 | 13 |
| 2 | II Регион | 4 | 1 | 6 | 11 |
| 3 | III Регион | 4 | 4 | 1 | 9 |
| 4 | IV Регион | 2 | 3 | 3 | 8 |
| 5 | V Регион | 3 | 1 | 3 | 7 |
| 6 | VI Регион | 3 | 2 | 2 | 7 |
| 7 | VII Регион | – | 3 | 2 | 5 |
| 8 | VIII Регион | 4 | 3 | 2 | 9 |
| | **ВКУПНО** | **23** | **23** | **23** | **69** |

# ПРЕГЛЕД НА ЗДРУЖЕНИЈА ПО СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ ВО 2018

### СТРЕЛАШТВО

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Центар |
| 2. ОВР на РМ | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Кичево |
| 5. Кавадарци | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Радовиш |
| 8. Кочани | 8. Кочани |

### ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОД.

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Пробиштип |
| 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Мак. Каменица | 8. Виница |

### ШАХ

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Центар |
| 2. Тетово | 2. Карпош |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Струмица |
| 8. Кочани | 8. Мак. Каменица |

### ДОМИНО

| | |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Гостивар |
| 3. Битола | 3. Крушево |
| 4. Вевчани | 4. Кичево |
| 5. Кавадарци | 5. Неготино |
| 6. Кратово | 6. Крива Паланка |
| 7. Ново Село | 7. Свети Николе |
| 8. Кочани | 8. Делчево |

### ПИКАДО

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Гостивар |
| 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Струга | 4. Струга |
| 5. Валандово | 5. Демир Капија |
| 6. Кратово | 6. Куманово |
| 7. Свети Николе | 7. Струмица |
| 8. Мак. Каменица | 8. Мак. Каменица |

### ТАБЛА

| | |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Чаир |
| 2. Карпош | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Демир Капија |
| 6. Пробиштип | 6. Злетово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Свети Николе |
| 8. Кочани | 8. Пехчево |

### ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ

| | |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Илинден |
| 2. ОВР на РМ | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Неготино | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Пробиштип |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. Берово |

### ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА

| | |
|---|---|
| 1. Илинден | 1. Кисела Вода |
| 2. Тетово | 2. ОВР на РМ |
| 3. Крушево | 3. Битола |
| 4. Вевчани | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Неготино | 5. Демир Капија |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Струмица | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. Делчево |

### ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ

| | |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Солид. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Дојран | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. Берово |

### КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ

| | |
|---|---|
| 1. Воени пензионери | 1. Воени пензионери |
| 2. ОВР на РМ | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Струга |
| 5. Гевгелија | 5. Дојран |
| 6. Крива Паланка | 6. Пробиштип |
| 7. Штип | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. Кочани |

### ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОД.

| | |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Нема |
| 2. Ѓорче Петров | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. Мак. Каменица |

### СКОК ОД МЕСТО

1. Чаир
2. ОВР на РМ
3. Прилеп
4. Охрид и Дебрца
5. Кавадарци
6. Куманово
7. Штип
8. Кочани

# ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИТЕ УЧЕСНЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ - 2018

| Ред. бр. | Региони екипа | ДИСЦИПЛИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | | Сев купно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стрелаштво | | Шах | | Пикадо | | Тегнење јаже | | Фудбал | | Кошарка | | Фрлање ѓуле. | | Трчање до 60 г. | | Трчање над 60 г. | | Скок од место | Домино | | Табла | | | | |
| | 1 | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 | 12 | | 13 | | 14 | | 15 |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | м | ж | м | ж | м | ж | |
| **I Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Гази Баба | 4 | | | | | 4 | 6 | | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 1 | | | **11** | **06** | **17** |
| 2 | Центар | | 4 | 5 | 3 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **09** | **07** | **16** |
| 3 | Илинден | | | | | | | | 6 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | **04** | **06** | **10** |
| 4 | К. Вода | | | | | | | | | | 4 | | | | | 1 | | 1 | | | 1 | | 1 | | **04** | **04** | **08** |
| 5 | Воени пенз. | | | | | | | | | | | 4 | 4 | | | | | | | | | | | | **04** | **04** | **08** |
| 5 | Сол. Аерод. | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | **00** | **01** | **01** |
| 7 | Чаир | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | **01** | **01** | **02** |
| **II Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | Тетово | | 4 | 5 | | 4 | | | 6 | 4 | | | 4 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | 1 | | | 1 | **16** | **16** | **32** |
| 9 | ОВР на РМ | 4 | | | | | | 6 | | | 4 | 4 | | | | | | | | 1 | | | | | **15** | **04** | **19** |
| 10 | Карпош | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | **01** | **03** | **04** |
| 11 | Гостивар | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | **-** | **05** | **05** |
| 12 | Ѓ. Петров | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | | | **01** | **01** | **02** |
| **III Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | Прилеп | 4 | | | 3 | 4 | | 6 | 6 | | | | | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | **18** | **11** | **29** |
| 14 | Битола | | 4 | 5 | | | 4 | | | | 4 | 4 | | | | 1 | | | | | 1 | | | | **07** | **12** | **23** |
| 15 | Крушево | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | 1 | | | **04** | **01** | **05** |
| 16 | Ресен | | | | | | | | | | | | 4 | | 1 | | 1 | | | | | | | | **–** | **06** | **06** |
| **IV Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 17 | Охрид | 4 | | 5 | | | | 6 | 6 | | 4 | 4 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | **23** | **14** | **37** |
| 18 | Кичево | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | **01** | **05** | **06** |
| 19 | Струга | | | | 3 | 4 | 4 | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | **04** | **11** | **15** |
| 20 | Вевчани | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | | **05** | **-** | **05** |
| **V Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 21 | Кавадарци | 4 | 4 | | | | | | 6 | | | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | **08** | **12** | **20** |
| 22 | Велес | | | 5 | 3 | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | | | **06** | **04** | **10** |
| 23 | Д. Капија | | | | | | 4 | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | 1 | **-** | **09** | **09** |
| 24 | Валандово | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **04** | **-** | **04** |
| 25 | Неготино | | | | | | | 6 | | 4 | | | | | | | | | | | | 1 | | | **10** | **01** | **11** |
| 26 | Гевгелија | | | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | **04** | **-** | **04** |
| 27 | Дојран | | | | | | | | | | | | 4 | 1 | | | | | | | | | | | **01** | **04** | **05** |
| **VI Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 28 | Куманово | 4 | 4 | 5 | 3 | | 4 | 6 | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | | | **19** | **13** | **32** |
| 29 | Кратово | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | **05** | **-** | **05** |
| 30 | Пробиштип | | | | | | | | 6 | 4 | 4 | | 4 | | | | | | 1 | | | | 1 | | **05** | **15** | **20** |
| 31 | К. Паланка | | | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | 1 | | | **04** | **01** | **05** |
| 32 | Злетово | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | **–** | **01** | **01** |
| **VII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 33 | Штип | 4 | | 5 | | | | | | | | 4 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | **16** | **02** | **18** |
| 34 | Радовиш | | 4 | | | | | 6 | 6 | | 4 | | 4 | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | **08** | **19** | **27** |
| 35 | Струмица | | | | 3 | | 4 | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | **04** | **07** | **11** |
| 36 | Св. Николе | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | **04** | **02** | **06** |
| 37 | Ново Село | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | **01** | **-** | **01** |
| **VIII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 38 | Кочани | 4 | 4 | 5 | | | | 6 | | 4 | | 4 | 4 | 1 | | 1 | | | | 1 | 1 | | 1 | | **28** | **08** | **36** |
| 39 | М. Каменица | | | | 3 | 4 | 4 | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | **05** | **08** | **13** |
| 40 | Берово | | | | | | | | 6 | | | | | | 1 | | | | | | | | | | **-** | **07** | **07** |
| 41 | Делчево | | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | 1 | | | **-** | **05** | **05** |
| 42 | Виниица | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | **-** | **01** | **01** |
| 43 | Пехчево | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | **-** | **01** | **01** |
| | **Вкупно** | **32** | **32** | **40** | **24** | **32** | **32** | **48** | **48** | **32** | **32** | **32** | **32** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **264** | **239** | **503** |

# ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ
## НА XXIII СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2018

| Ред. бр. | Здружение | Освоени места | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на Дисцип. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | вкупно бодови |
| 01 | Тетово | 12 | 3 | 1 | 3 | 2 | 2 | – | – | 1 | 91 |
| 02 | Прилеп | 10 | 2 | 3 | 1 | 1 | – | 1 | 1 | 1 | 76 |
| 03 | Охрид и Дебрца | 14 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 71 |
| 04 | Куманово | 12 | 1 | 1 | 1 | 2 | 6 | – | – | 1 | 69 |
| 05 | Кочани | 10 | 3 | – | 1 | 1 | – | 1 | 2 | 2 | 68 |
| 06 | Гази Баба | 06 | 2 | 2 | 2 | – | – | – | – | – | 59 |
| 07 | Кавадарци | 09 | 1 | 1 | – | 4 | 1 | 1 | 1 | – | 52 |
| 08 | Пробиштип | 06 | 2 | – | – | – | 3 | – | 1 | – | 44 |
| 09 | Штип | 08 | – | 1 | 2 | 2 | – | 1 | 1 | 1 | 41 |
| 10 | Макед. Каменица | 05 | – | 3 | 1 | – | – | – | 1 | – | 38 |
| 11 | Радовиш и Конче | 08 | – | 2 | – | 1 | – | 1 | 1 | 2 | 35 |
| 12 | Струга | 04 | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 1 | – | 33 |
| 13 | Битола | 07 | 1 | – | – | 1 | – | 1 | 2 | 1 | 32 |
| 14 | Кисела Вода | 05 | – | 2 | 1 | – | – | 2 | – | – | 30 |
| 15 | ОВР на РМ | 05 | – | – | 3 | – | – | 1 | – | 1 | 28 |
| 16 | Центар | 04 | – | 1 | 1 | – | 1 | 1 | – | – | 27 |
| 17 | Демир Капија | 03 | 1 | – | 1 | – | – | 1 | – | – | 26 |
| 18 | Ресен | 03 | 1 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | 22 |
| 19 | Велес | 04 | 1 | – | – | – | – | 2 | 1 | – | 22 |
| 20 | Илинден | 02 | 1 | – | – | – | – | 1 | – | – | 19 |
| 21 | Неготино | 03 | – | – | 2 | – | 1 | – | – | – | 19 |
| 22 | Карпош | 02 | 1 | – | – | – | – | – | 1 | – | 15 |
| 23 | Кичево | 03 | – | – | 1 | 1 | – | – | 1 | – | 15 |
| 24 | Крива Паланка | 02 | – | 1 | – | – | 1 | – | – | – | 13 |
| 25 | Пехчево | 01 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 26 | Струмица | 03 | – | – | – | 1 | – | – | – | 1 | 12 |
| 27 | Крушево | 02 | – | 1 | – | – | – | – | – | 1 | 11 |
| 28 | Свети Николе | 03 | – | – | – | 1 | – | 1 | 1 | – | 11 |
| 29 | Гостивар | 02 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | – | 10 |
| 30 | Ѓорче Петров | 02 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | – | 09 |
| 31 | Делчево | 02 | – | – | – | 1 | – | 1 | – | – | 09 |
| 32 | Солид. Аеродром | 01 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 08 |
| 33 | Воени пензионери | 02 | – | – | – | – | – | 1 | 1 | – | 07 |
| 34 | Кратово | 02 | – | – | – | – | – | 2 | – | – | 07 |
| 35 | Берово | 02 | – | – | – | 1 | – | – | – | 1 | 07 |
| 36 | Гевгелија | 01 | – | – | – | 1 | – | – | – | – | 06 |
| 37 | Злетово | 01 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 06 |
| 38 | Чаир | 02 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 06 |
| 39 | Ново Село | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 04 |
| 40 | Вевчени | 02 | – | – | – | – | – | – | 1 | 1 | 04 |
| 41 | Валандово | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 02 |
| 42 | Виница | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 01 |
| 43 | Дојран | 02 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И БОДОВИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2018 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Тетово | 12 | 91 |
| 2. | Прилеп | 11 | 76 |
| 3. | Охрид и Дебрца | 14 | 71 |
| 4. | Куманово | 12 | 69 |
| 5. | Кочани | 10 | 68 |
| 6. | Гази Баба | 06 | 59 |
| 7. | Кавадарци | 09 | 52 |
| 8. | Пробиштип | 06 | 44 |
| 9. | Штип | 08 | 41 |
| 10. | Македонска Каменица | 05 | 38 |
| 11. | Радовиш и Конче | 08 | 35 |
| 12. | Струга | 04 | 33 |
| 13. | Битола | 07 | 32 |
| 14. | Кисела Вода | 05 | 30 |
| 15. | ОВР на РМ | 05 | 28 |
| 16. | Центар | 04 | 27 |
| 17. | Демир Капија | 03 | 26 |
| 18. | Ресен | 03 | 22 |
| 19. | Велес | 04 | 22 |
| 20. | Илинден | 02 | 19 |
| 21. | Неготино | 03 | 19 |
| 22. | Карпош | 02 | 15 |
| 23. | Кичево | 03 | 15 |
| 24. | Крива Паланка | 02 | 13 |
| 25. | Пехчево | 01 | 12 |
| 26. | Струмица | 03 | 12 |
| 27. | Крушево | 02 | 11 |
| 28. | Свети Николе | 03 | 11 |
| 29. | Гостивар | 02 | 10 |
| 30. | Ѓерче Петров | 02 | 09 |
| 31. | Делчево | 02 | 09 |
| 32. | Солидарност Аеродром | 01 | 08 |
| 33. | Воени пензионери | 02 | 07 |
| 34. | Кратово | 02 | 07 |
| 35. | Берово | 02 | 07 |
| 36. | Гевгелија | 01 | 06 |
| 37. | Злетово | 01 | 06 |
| 38. | Чаир | 02 | 06 |
| 39. | Ново Село | 01 | 04 |
| 40. | Вевчани | 02 | 04 |
| 41. | Валандово | 01 | 02 |
| 42. | Виница | 01 | 01 |
| 43. | Дојран | 02 | 02 |

# ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ УЧЕСНИЦИ ВО 2018 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Гази Баба | 38 | 33. Дојран | 07 |
| 2. Центар | 22 | 34. Богданци | 04 |
| 3. Воени пензионери | 09 | 35. Валандово | 06 |
| 4. Илинден | 15 | 36. Неготино | 16 |
| 5. Солидарност – Аеродром | 01 | 37. Куманово | 37 |
| 6. Кисела Вода | 15 | 38. Крива Паланка | 10 |
| 7. Чаир | 05 | 39. Злетово | 04 |
| 8. Шуто Оризари | 02 | 40. Пробиштип | 30 |
| 9. Бутел | 02 | 41. Кратово | 08 |
| 10. Тетово | 48 | 42. Штип | 35 |
| 11. ОВР на РМ | 32 | 43. Струмица | 15 |
| 12. Ѓорче Петров | 05 | 44. Радовиш и Конче | 75 |
| 13. Гостивар | 20 | 45. Ново Село | 04 |
| 14. Тафталиџе | 01 | 46. Свети Николе | 08 |
| 15. Карпош | 10 | 47. Лозово | 04 |
| 16. Сарај | 02 | 48. Кочани | 44 |
| 17. Прилеп | 45 | 49. Македонска Каменица | 18 |
| 18. Битола | 34 | 50. Делчево | 11 |
| 19. Ресен | 09 | 51. Виница | 05 |
| 20. Крушево | 10 | 52. Берово | 10 |
| 21. Демир Хисар | 03 | 53. Пехчево | 04 |
| 22. Охрид и Дебрца | 46 | 54. Лекарска екипа | 03 |
| 23. Кичево | 10 | 55. Музика | 04 |
| 24. Струга | 21 | 56. Фоторепортери | 15 |
| 25. Дебар | 03 | 57. Полицајци | 02 |
| 26. Македонски Брод | 01 | 58. Девојчиња во носија | 03 |
| 27. Вевчани | 07 | 59. СЗПМ | 50 |
| 28. Лабуништа | 00 | 60. Гости од Влада | 16 |
| 29. Кавадарци | 25 | 61. Гледачи | 160 |
| 30. Гевгелија | 09 | 62. Локал. самоуправа Радовиш | 10 |
| 31. Велес | 18 | 63. Редари | 10 |
| 32. Демир Капија | 12 | **В К У П Н О** | **926** |

# ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | |
|---|---|
| Вкупно учествувале | 503 |
| Мажи | 264 |
| Жени | 239 |



## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2018 ГОДИНА

1. **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ
2. **Бесник Поцеста**, претседател на Собранието на СЗПМ
3. **Салтир Каровски**, потпретседател на ИО на СЗПМ
4. **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ
5. **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ
6. **Јордан Костадинов**, претседател на ЗП Радовиш и Конче




## КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател
**Љубица Кузмановска**, ЗП Куманово
**Ристо Трајкоски**, ЗП Охрид и Дебрца
**Иван Цветановски**, ЗП Гази Баба
**Гале Бобаровски**, ЗП Гостивар
**Лилјана Младеновска**, ЗП Радовиш и Конче
**Борче Тодороски**, ЗП Прилеп
**Хараломпие Ампов**, ЗП Виница
**Димче Митрев**, ЗП Велес

# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Срелаштво

1. **Љубинко Ристов** – кординатор – ЗП Ѓорче Петров
2. **Никола Кижевски** – судија – ЗП Кичево
3. **Трајче Димески** – судија – ЗП Прилеп
4. **Цветан Ѓурески** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
5. **Гога Ангелевски** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
6. **Здравко Салтиров** – судија – ЗП Кочани
7. **Зоран Зафиров** – судија – ЗП Гевгелија

## Шах

1. **Хараламие Ампов** – координатор – ЗП Виница

**а) судии за мажи**

1. **Тодор Миленковски** – судија – ЗП Крива Паланка
2. **Имер Хасани** – судија – ЗП Тетово
3. **Александар Мандиќ** – судија – ЗП Куманово
4. **Ангеле Кироски** – судија – ЗП Прилеп
5. **Иван Павлов** – судија – ЗП Кочани

**б) судии за жени**

1. **Димитар Илиевски** – судија – ЗП ОВР на РМ
2. **Јани Таков** – судија – ЗП Битола

## Пикадо

1. **Борис Тодоровски** – кординатор – ЗП Прилеп

**а) судии за мажи**

1. **Владо Вељановски** – судија – ЗП Кичево
2. **Трајче Трајанов** – судија – ЗП Центар – Скопје
3. **Слободан Рафајловски** – судија – ЗП Гостивар

**б) судии за жени**

1. **Душан Климовски** – судија – ЗП ОВР на РМ
2. **Ѓорѓи Боризов** – судија – ЗП Штип
3. **Пандора Димовска** – судија – ЗП Крушево
4. **Димче Кузмановски** – судија – ЗП Тетово

## Тегнење јаже

1. **Ристо Трајкоски** – координатор – ЗП Охрид и Дебрца

**а) судии за мажи**

1. **Петруш Спасовски** – судија – ЗП Гази Баба
2. **Јордан Крстевски** – судија – ЗП ОВР на РМ
3. **Тодор Михајлов** – судија – ЗП Виница
4. **Бошко Блажевски** – судија – ЗП Тетово

**б) судии за жени**

1. **Перуш Соколов** – судија – ЗП Кочани
2. **Благоја Петковски** – судија – ЗП Тафталиџе
3. **Тодор Кочоски** – судија – ЗП Прилеп
4. **Диме Димов** – судија – ЗП Неготино
5. **Лазар Лазаров** – судија – ЗП Радовиш и Конче

## Атлетика - Трчање, Фрлање ѓуле, Скок од место

1. **Љибица Кузмановска** – координатор – ЗП Куманово
2. **Илчо Ристевски** – судија – ЗП Ресен
3. **Јован Андов** – судија – ЗП Велес
4. **Ангел Диманов** – судија – ЗП Радовиш и Конче
5. **Симеон Доклевски** – судија – ЗП Карпош – Скопје
6. **Тодор Илиев** – судија – ЗП Чаир – Скопје
7. **Трајко Тасев** – судија – ЗП Кавадарци

## Фудбал

1. **Димче Митрев** – кординатор – ЗП Велес
2. **Драги Серафимов** – судија – ЗП Пробиштип
3. **Петре Петров** – судија – ЗП Гази Баба – Скопје
4. **Крсте Спасевски** – судија – Охрид и Дебрца

## Кошарка

1. **Гале Бобаровски** – координатор – ЗП Гостивар
2. **Драган Горгиевски** – судија – ЗП Крива Паланка
3. **Стефан Владимиров** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
4. **Мирче Давчев** – судија – ЗП Велес
5. **Ристо Волчевски** – судија – ЗП Бутел – Скопје
6. **Ристо Крстев** – судија – ЗП Радовиш и Конче

## Табла

1. **Иван Цветановски** – координатор – ЗП Гази Баба
2. **Стефчо Китановски** – судија – ЗП Куманово
3. **Ванчо Филаков** – судија – ЗП Делчево
4. **Михајло Мишев** – судија – ЗП Чаир – Скопје
5. **Ванчо Србаков** – судија – ЗП Радовиш и Конче
6. **Панче Николов** – судија – ЗП Гази Баба – Скопје

## Домино

1. **Љиљана Младеновска** – координатор – ЗП Радовиш и Конче
2. **Јовица Ванчевски** – судија – ЗП Куманово
3. **Надежда Топалова** – судија – ЗП Кисела Вода
4. **Љубица Настовска** – судија – ЗП Струга
5. **Трифун Донев** – судија – ЗП Карпош – Скопје
6. **Љупчо Трифуновски** – судија – ЗП Штип

## КОМИСИЈА ЗА ПОПЛАКИ И ЖАЛБИ

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Ристо Трајкоски** – член

## ПРВ РЕГИОН
# „Спортувај за да бидеш здрав“



На 22 мај годинава се одржаа регионалните спортски натпревари од Првиот регион, на кои домаќин беше ЗП „Центар“. На околу 350 пензионери од 8 здруженија најнапред им се обрати претседателот на здружението **Павле Спасев**. Поздравувајќи ги гостите и учесниците на регионалните натпревари, тој потсети:

– Спортските активности се одвиваат од далечната 1996 год. и на Регионално и на Републичко ниво. И сите овие години пензионерите – спортисти не само од здружението Центар, се трудат да покажат што подобри резултати и покрај годините и да се пласираат за спортската „Олимпијада“.

На свеченото отворање, во име на СЗПМ, говореше потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски.** Посакувајќи им на натпреварувачите убави и рекордни резултати, Каровски нагласи:

– Пензионерите спортисти и денеска ќе се потрудат да си обезбедат учество на спортската Олимпијада што ќе се одржи на втори септември 2018 година. За натпреварите од Првиот регион, исполнети се сите услови, и спортувањето може да започне – истакна Катовски.

На присутните им се обрати и претседателот на комисијата за спорт на СЗПМ Здравко Петковски.

Пензионерите спортисти од здруженијата: Центар, Гази Баба, Илинден, Бутел, Воени пензионери на РМ, Чаир, Солидарност – Аеродром и Кисела Вода се натпреваруваа во 11 дисциплини во машка и женска конкуренција. Спортистите од ЗП Центар – домаќин на регионалните натпревари, ги покажаа и докажаа своите квалитети освојувајќи четири први места, во шах и во машка и во женска конкуренција, во стрелаштво победија стрелците – жени, а во пикадо машката екипа го освои првото место. Пензионерите од Центар освоија уште пет втори места. Спортски се бореа и останатите здруженија. ЗП Кисела Вода освои пет први места и 2 втори, ЗП Гази Баба шест први и четири втори, ЗП Солидарност – Аеродром, едно прво и пет втори места, ЗП Илинден две први и две втори, ЗП Чаир две први и едно второ место, ЗП Бутел две втори и десет трети и ЗВПМ две први и две втори места.




## ВТОР РЕГИОН
# Најдобри Тетовчани



На 15 мај 2018 година се одржаа 23–те регионални спортски натпревари од 2–от регион во организација на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, а домаќин беше ЗП Тафталиџе. На овие регионални спортски игри покрај домаќинот, **ЗП Тафталиџе**, учествуваа и здруженијата на пензионери: **Сарај, Тетово, ОВР на РМ, Ѓорче Петров и Гостивар.** Спортските игри се одржаа во спортскиот комплекс „Езеро Треска“, каде имаше услови за одвивање на сите спортски дисциплини, а уредувањето на терените за таа намена беше извршено благодарение на помошта на градоначалниците на општините Карпош Стефан Богоев и на Сарај Блерим Беџети.

Добредојде на гостите и на учесниците со желби за постигнување што подобри успеси, прв им посака претседателот на ЗП Тафталиџе, **Димитрија Димовски**, а во име на СЗПМ се обрати и натпреварите ги отвори секртетарот на ИО на Сојузот, **Станка Трајкова**. Оваа средба, рече таа, е добра можност за дружење и им посака на сите да понесат убави сеќавања од овој спортски настан.



Пензионерите се натпреваруваа во единаесет спортски дисциплини во машка и во женска конкуренција.

На оваа спортска средба најдобри резултати постигнаа спортистите од Тетово кои освоија 12 први места, а зад нив се пензионерите од ОВР со 5 први места. Останатите спортисти освоија по едно или две места, со што се квалификуваа да учествуваат на републичките спортски игри. Игрите започнаа и завршија благовремено со висок степен на организираност од сите аспекти.

По успешно завршените натпревари започна незаборавно дружење каде што дојде до израз и соживотот изразени преку разни ора и песни.

## ТРЕТИ РЕГИОН
# ЗП Прилеп го освои севкупно првото место



На 29 мај 2018 година се одржаа 23. регионални спортски игри на Здруженијата на пензионери од 3. Регион од југозападниот дел на Македонија. Натпреварувањата се одржаа во комплексот на спортските терени „Олимписки базен" во Битола.

Пред самиот почеток, натпреварувачите од Здруженијата на пензионери од: Битола, Крушево, Демир Хисар, Прилеп и Ресен ги поздрави претседателот на ЗП Битола **Томе Илиовски**.

– Особено се радувам што на овие спортски игри учество земаат толкав број на пензионери. Искуството ми кажува дека во овие години спортскиот дух не изостанува кај секој од натпреварувачите, но покрај вештината потребна е и спортска среќа, која што на секој му ја посакувам. Спортското дружење е незаменливо.

Од името на СЗПМ и претседателот Драги Аргировски, натпреварувачите ги поздрави **Станка Трајкова**, секретар на извршниот одбор на СЗПМ.

– Оваа убава традиција на спортски натпревари нека продолжи и на овие 23. спортски игри. Им посакувам успех на сите натпреварувачи, а нека победат подобрите и посреќните – истакна Трајкова и ги прогласи игрите за отворени.

Екипите се натпреваруваа во 11 дисциплини мажи и жени. Игрите ги надгледуваше и Здравко Петковски, претседател на комисијата за спорт при СЗПМ, кој констатираше дека организацијата на спортските игри е одлична и не се регистрирани неправилности во текот на одржување на истите.



На спортски мегдан правдата ја делеа судии докажани во поединечни спортски дисциплини, а во состав на координативното тело предводени од потпретседателот на ЗП Битола, Цветанка Ангелковска.

Најдобрите, односно екипите кои ги освоија првите места ќе се натпреваруваат на Републичко рамниште.

Би го истакнале навистина спортскиот дух и пример на спортска толеранција кај сите пензионери учесници на оваа регионална спортска средба. Дружењето на спортистите пензионери заврши со дружење во ресторантската сала „Император" во комплексот „Олимписки базен" Битола, каде што на свечен начин беа доделени дипломи и пехар на ЗП Прилеп за освоено севкупно прво место.

## ЧЕТВРТИ РЕГИОН
# Одлични услови и резултати



На деветти јуни 2018 година се одржаа 23–тите регионални спортски натпревари на ЗП од 2–от регион во организација на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, на кои првпат во улога на домаќин беше Здру–жение на пензионери Вевчани.

Добредојде на гостите и на учесниците на спортските натпревари од името на домаќинот прв им посака успех во натпреварите **Витомир Костојчиноски** претседател на ЗП Вевчани, кој притоа кусо се осврна на значењето на игрите. На оваа спортска средба присуствуваше секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова,** која ги поздрави присутните и им порача фер и успешни спортски натпревари. Спортските игри добија во значење со присуството на градоначалникот на општина Вевчани, **Сашо Јановски,** кој им се обрати на пензионерите истакнувајќи притоа дека секогаш ќе има разбирање за пензионерите бидејќи тие имаат голем придонес во развојот на нивната општина.

На спортските игри се натпереваруваа ЗП од: Охрид и Дебрца, Струга, Македонски Брод, Лабуништа и домаќинот Вевчани, освен ЗП Дебар. Во 11 спортски дисциплини силите ги одмерија 166 најдобри спортисти од ЗП учесници од кои 98 во машка и 68 во женска конкуренција.



Средбата се одржа во просториите и кругот на ОУ „Страшо Пинџур", а терените беа идеално подготвени. Одличните услови за спортување овозможија игрите да завршат многу брзо и успешно. Најдобри резултати постигнаа спортистите од ЗП Охрид и Дебарца со освоени 14 први места, пред пензионерите од ЗП Струга и ЗП Кичево.

На крајот, за одбележување е дека пензионерите најдоа време да ги видат Вевчанските извори, да се восхитуваат на старата вевчанска архитектура и да ја слушнат приказаната за Вевчанскиот карневал со трдиционални, архаични и уникатни маски, каде доаѓа до израз слободата на изразот и духот.

## ПЕТТИ РЕГИОН

# Пензионерите спортуваа и се дружеа

На 30–ти мај 2018 година во Демир Капија се одржаа 23–те спортски игри на пензионерите од повардарскиот регион на кои зедоа учество здруженијата од: Демир Капија, Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија, Богданци и Дојран.




Во спортската сала во Демир Капија беа присутни околу 350 пензионери од гореспоменатите здруженија. Со спортски поздрав „Здраво“ прв присутните ги поздрави претседателот на Здружението на пензионери од Демир Капија **Благоја Кавазовски** кој меѓу другото рече: „Ние пензионерите меѓу кои има и познати спортисти од младите години, денес ќе спортуваме во 11 спортски дисциплини и сакам да нагласам спортски и фер да се натпреваруваме, па нека победат подобрите и посреќните“.



Потоа зеде збор претставникот од локалната самоуправа **Блажо Пемов** кој ги поздрави и им посака успех на сите пензионери и пензионерки со фер натпревари и да нема повреди.

Потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски** ги поздрави учесниците и присутните во име на Сојузот, при што го нагласи значењето на спортските игри, посочувајќи ја потребата и полезноста од движењето, дружењето и активно стареење во третата животна доба. Потоа тој ги прогласи игрите за отворени.

Неколку претседатели на здруженија со претседателот Благоја Кавазовски и потпретседателот на на ИО на СЗПМ Салтир Каровски беа на прием во зградата на општината Демир Капија.

## ШЕСТИ РЕГИОН

# Кумановчани пак најдобри

На 31 мај 2018 година, во градот на кулите и мостовите Кратово, се одржаа 23–тите спортски игри за пензионерите од шестиот регион. Настапија 148 натпреварувачи од: ЗП Куманово, ЗП Крива Паланка, ЗП Пробиштип, ЗП Злетово и домаќинот ЗП Кратово. Присутните ги поздрави претседателот на ЗП Кратово **Љупчо Ангеловски** и изрази задоволство што ова здружение е домаќин на регионалните спортски натпревари од шестиот регион. Тој им посака на натпреварувачите спортски успех и дружење. Потоа на присутните им се обрати градоначалникот на Кратово **д-р Љупчо Бојаџиев**, кој изрази задоволство што е присутен на овој спортски пензионерски настан и даде ветување дека секогаш ќе ги поддржува активностите на најстарите жители на Кратово, бидејќи тие тоа го заслужуваат.





Од името на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија на присутните им се обрати и срдечно ги поздрави, посакувајќи им добро здравје и исполнети пензионерски денови, секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ, **Станка Трајков**а. Таа ја нагласи корисноста на физичката активност и спортувањето за луѓето од третата доба и објави дека натпреварите можат да почнат.

На спортистите им се обрати и **Здравко Петковски,** претседател на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ кој им посака спортски и фер натпревар. Во приближно иста конкуренција, најдобри резултати постигнаа спортистите пензионери од ЗП Куманово, кои и во минатите години покажуваа одлични резултати на полето на спортот. На второ место се пласираа учесниците од ЗП Пробиштип и на трето место домаќините од ЗП Кратово, пред Крива Паланка и Злетово. По натпреварите учесниците се дружеа во хотелот „Кратис“, каде беа соопштени резултатите и доделени признанија на најдобрите спортисти.

## СЕДМИ РЕГИОН

# Победа на другарувањето



На 23 мај 2018 година во организација на СЗПМ во Струмица се одржаа 23–тите спортски игри за пензионерите од седмиот регион. Настапија спортски екипи од здруженијата на пензионери од: Радовиш и Конче, Штип, Свети Николе, Лозово, Ново Село и домаќинот ЗП Струмица.

Во името на здружението домаќин, добредојде на гостите и успех на учесниците во натпреварите им посака претседателката на ЗП Струмица, **Данче Даскаловска**. Во името на СЗПМ присутните и спортистите ги поздрави потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**, при што го истакна значењето на оваа спортска средба и придонесот кон подобрувањето на квалитетот на животот со активно и здраво стареење. Потоа тој игрите ги прогласи за отворени.

На овие регионални спортски натпревари присуствуваа и претставници од локалната самоуправа.



Учесниците се натпреваруваа во единаесет спортски дисциплини на терените за спортување при Домот на пензионери, спортската сала „Партизан" и Градскиот стадион „Младост". Најдобри резултати постигнаа спортистите пензионери од ЗП Радивиш и Конче, ЗП Штип и ЗП Струмица. На оваа средба, всушност, немаше поразени, а сите учесници беа победници во другарувањето.

Денот заврши со другарски стегнати раце и желба за повторно видување и дружење.

## ОСМИ РЕГИОН

# Домаќинот севкупен победник



На градскиот стадион „Никола Мантов" во Кочани, во организација на СЗПМ на 16 јуни се одржаа 23–те регионални спортски натпревари чиј домаќин беше ЗП Кочани.

Пред присутните учесници и гости од здруженијата на пензионери од Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево, Берово и Кочани, најпрво се обрати и им посака успешни спортски резултати, **Ѓорги Серафимов**, претстедател на ЗП Кочани, кој се заблагодари за укажаната чест од страна на СЗПМ Кочани да биде домаќин и соорганизатор на овие спортски натпревари на учесниците од осмиот регион.

Во името на општина Кочани присутните ги пздрави **Томче Солевски**, претседател на Советот на општина Кочани, а во името на СЗП на Македонија зборуваше **Салтир Каровски**, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ. Притоа, тој ја истакна улогата на припадниците на третата животна доба во севкупните активности кои ги остваруваат на планот на културата и спортот.



На 23–те регионални спортски натпревари учествуваа 330 спортсисти од Источниот регион кои се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини во машка и во женска конкуренција. Најдобри резултати со освоени 12 први места, (10 во машка и 2 во женска конкуренција), постигна ЗП Кочани, а потоа следуваат здруженијата на пензионери: Македонска Камица, Берово, Делчево, Виница и Пехчево.

Најуспешните спортисти ќе ја претставуваат својата општина на претстојните Републички спортски натпревари кои ќе се одржат во септември во Радовиш.

# Натпреварите на сите нивоа од година на година добиваат на квалитет

Оваа 2018 год. Регионалните натпревари во координација со Комисијата за спорт при ИО на СЗПМ се одржаа од 15 мај до 16 јуни. Натпреварите беа распоредени во различни термини во сите 8 региони. Шест се одржаа во работни денови, а само два во неработен ден.



На Регионалните натпревари учество земаа 51 здружение членки на СЗПМ, со исклучок на ЗП Дебар и Центар Жупа и ЗП Шуто Оризари, со учество на 1.969 натпреварувачи од кои 1.220 во машка и 749 во женска конкуренција.

Бројот на учесниците во споредба со минатата година бележи благо намалување пред сè како резултат на отсуството на ЗП Дебар и Центар Жупа и ЗП Шуто Оризари.

Учесниците се натпреваруваа во сите 11 спортски дисциплини во 23 категории предвидени во Правилникот за спортски игри.

Ако ги погледнеме извештаите кое здружение со колку спортисти учествувало, ќе утврдиме дека места



за активност во здруженијата има уште прилично многу. Мал е или занемарлив бројот на здруженија кои учествуваат со максимален број (63) натпреварувачи и тие заслужуваат да бидат спомнати во извештајот, а тоа се: ЗП Тетово, ЗП Прилеп, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Кавадарци, ЗП Кисела Вода, ЗП Битола, ЗП Велес, ЗП Куманово, ЗП Солидарност – Аеродром, ЗП Охрид и Дебрца, кои учествуваа со над 56 натпреварувачи. Осум здруженија учествуваа со над 50; 4 со над 40; 9 со над 30; 10 со над 20 и 7 здруженија со од 5 до 19 натпреварувачи.

Максимално секое здружение може да учествува со 63 натпреварувачи и тоа 33 во машка и 30 во женска конкуренција.

И овој пат потребно е да ја истакнеме појавата на немање конкуренција, заради што на Републичките натпревари директно се пласираа 15 екипи и поединци од кои 7 во екипните спортови и 8 во поединечните спортски дисциплини.

Оваа појава не може да им се припишува како негативност на здруженијата кои без конкуренција учествуваа на Републичките натпревари, туку како негативност на останатите здруженија коишто не пројавуваат



поголема активност и не учествуваат во повеќе спортски дисциплини во рамките на регионот.

Исто така, за истакнување е и податокот што 7 региони ќе настапат на Републичките натпревари со максимален број од 63 учесници, а еден регион (првиот) ќе настапи со 52 бидејќи нема натпреварувач во дисциплината трчање жени до 60 години. Така на Републичките натпревари оваа година ќе има вкупно 503 учесници од кои 264 во машка и 239 во женска конкуренција.

Покрај спортистите на Регионалните натпревари учествуваа по разна основа уште 544 пензионери или се дружеа вкупно 2 509 пензионери.

Анализирајќи ги активностите што им претходат на регионалните натпревари како и содржините на истите



одредба се однесува на обврските за доставување списоци на натпреварувачите во атлетските спортски дисциплини заради осигурување. Оваа година на обврската одговорија само 3 здруженија и тоа ЗП Центар, ЗП Тафталице и ЗП Вевчани како домаќини на регионалните натпревари, а од останатите домаќини не беше испочитувана оваа обврска.

На крајот за истакнување е и дека од вкупниот број 51 здружение коишто земаа учество на регионалните

може да се каже дека тие на сите нивоа од година на година добиваат на квалитет, особено таму каде што им претходат посеопфатни и пошироки подготовки.

Годинава се чувствуваа мали потешкотии во нивното реализирање поради мали пропусти во подготовките од страна на организациските одбори формирани на ниво на регион.

Меѓутоа, тие мали потфрлувања не се одразија на квалитетот на спортските натпревари заради тоа што сите






пропусти беа решавани во од и со сигурност може да се каже дека сите регионални натпревари протекоа и завршија мошне успешно.

И овој пат е потребно да се истакне во извештајот неисполнувањето на обврските што произлегуваат од чл.12 став 2 од Правилникот за спортски игри, а која натпревари 43 здруженија обезбедија право на настап на Републиките натпревари кои ќе се одржат на 2.9.2018 год. во Радовиш.

**Претседател на Комисијата за спорт и рекреација на ИО на СЗПМ**
**Здравко Петковски**

# Физичката активност и пензионерите

Со навлегувањето во третата доба од животот, а особено со одењето во пензија, човекот се наоѓа пред дилема, како и на кој начин да си го организира својот живот. Сознанијата се најразлични. Некои луѓе по пензионирањето заседнуваат во својата удобна фотелја пред телевизорот, а некои овој премин од редовен работен активитет, со пензионирањето, речиси не го ни забележуваат,



затоа што продолжуваат да се занимаваат со разни активности, со сè она со што некогаш сакале да се занимаваат, а немале време или околностите не им дозволувале, и со овие луѓе е сè во ред.

Проблемот се јавува кај оние другите кои по пензионирањето тешко се снаоѓаат и остануваат пасивни. Најчесто се затвораат во своите домови, се разочаруваат во себе. Ги избегнуваат пријателите, другарите, стануваат депресивни. Тие како да забораваат на благодетите кои ги дава животот, а особено физичката активност.

Забораваат дека недостаток на движење во текот на денот го зголемува ризикот од заболување од сериозни болести, меѓу кои е и ракот. Истражувањата покажуваат дека секои два часа дополнително седење го зголемува ризикот од заболувања на рак на дебелото црево и рак на белите дробови без разлика дали вежбате во текот на денот. Седење подолго од 8 часа на ден го зголемува ризикот и од други разни болести како што се кардиоваскуларните, бубрежните, дијабетесот и други...

Многумина веруваат дека ако слободното време го користат во пасивен одмор, седење, гледање телевизија, читање дневен печат, како и помагање на членовите на своето семејство, особено во одгледување на внучињата, е содржината на пензионерскиот живот. Донекаде тоа е така бидејќи и тоа ги исполнува пензионерските денови и на тој начин луѓето помалку мислат на староста, на болестите, на лековите, на проблемите од секаков вид...

Во жвотот нема некое пропишано правило, рецепт или стил на живеење за кој може да се рече дека е најдобар, но секој пензионер треба да си го одбере оној начин којшто најмногу му одговара, што најмногу ќе му помогне да го организира своето слободно време и да биде здрав и исполнет.

Добро упатените во сплетот на овие односи порачуваат возрасните луѓе да се бават со физичка активност во граница на своите можности и нивната здравствена состојба. Со тоа ќе го забават процесот на стареење, а и ќе го намалат ризикот од разни заболувања и повреди. Со помош на физичката активност ќе доживеат длабока старост со добро здравје, ќе бидат витални и квалитетено ќе живеат, иако при тоа неспорно е дека на сето ова влијаат и други фактори, а пред сè гените!

Од друга страна, факт е дека со редовната физичка активност се намалува внесување калории, се создаваат позитивни погледи кон животот, здравјето, зачувувањето на околината и друго...

Значи заклучокот е дека осмислениот живот, со забава, хумор, дружење, редовна физичка активност, прошетки во природа и помалку нервоза за сето она кое не зависи од нас и не можеме да го промениме, претставува солиден рецепт за живот во третата доба.

Со практикувањето на овие нешта се намалува ризикот од заболувања, се намалуваат ризиците од компликациите на постоечките болести, на стресот, крвниот притисок и друго, а се подобрува сонот и мускулната издржливост. Овие компоненти можат да придонесат да се доживее долговечност и живот подолг од 80 и 90 години.

Здруженијата на пензионери членки на СЗПМ, а и самиот Сојуз, практикуваат многубројни спортски активности на разни нивои, од ограноците, преку општините и регионите, па се до ниво на државата, со цел да се развие и унапреди спортскиот живот на членството.

Со негување на спортот и во поодминати години, се подобрува физичката кондиција и здравствената состојба бидејќи спортот го јакне и телото и духот.

Комисите за спорт, одмор и рекреација на здруженијата, како и Комисијата за спорт и рекреација при ИО на СЗПМ, во својата агенда и програма настојуваат да ги мотивираат пензионерите да се вклучат што помасовно во спортските активности, како во атлетските, така и во салонските игри.

За оние кои од разни причини не можат да се бават со спорт, секоја прилика, секое слободно време, треба да го користат да пешачат, да шетаат во природа, да возат велосипед, да пливаат и слично.

Значи пораката е: бидете активни, за да бидете поздрави! Спортувајте, бидејќи така животот си го продолжувате!

**Љубица Кузмановска**








TRGOPREVOZ - MILE









## СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

# СЗПМ

Специјално издание

# XXIII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

комерцијална банка ад скопје

МТСП
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА



## КОМПЛЕКС "ШАМПИОН" - РАДОВИШ

**2 СЕПТЕМВРИ 2018**